Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-164/7
28 4 23 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 463/1 од 30.08.2022 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted], за сторена дискриминација врз основа на попреченост во областа на образование, од страна на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 28.04.2023 година го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ИНТЕРСЕКЦИСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на попреченост и возраст (интерсекциски поврзани), во областа на образование, од страна на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и министерот за образование и наука Јетон Шаќири кон подносителот [redacted].

**СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ИНТЕРСЕКЦИСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на попреченост и возраст (интерсекциски поврзани), во областа на образование, сторена од страна на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија преку Законот за средното образование[1] кон учениците од средно образование со попреченост/посебни образовни потреби, што резултирало со нееднаков пристап до квалитетно средно образование во споредба со учениците без посебни образовни потреби од средно образование и учениците од основно образование со посебни образовни потреби.

## Образложение

На 30.08.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 463/1, од страна на подносителот [redacted] против Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на попреченост, во областа на образование - со необезбедување на образовен асистент на ученикот со попреченост.

[1] Закон за средното образование (Службен весник на РМ бр. 44/1995 и измени Службен весник на РМ бр. 16/1996; 24/1996; 34/1996; 35/1997; 82/1999; 41/2001; 29/2002; 40/2003; 42/2003; 78/2003; 67/2004; 51/2005; 55/2005; 113/2005; 3/2006; 35/2006; 71/2006; 30/2007; 49/2007; 81/2008; 92/2008; 98/2008; 142/2008; 88/2009; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011; 51/2011; 6/2012; 100/2012; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 135/2014; 10/2015; 98/2015; 145/2015; 30/2016; 127/2016; 67/2017; 64/2018; 161/2019; 229/2020;)

Подносителот на претставката е ученик од трета година средно образование во училиштето ДУФК „Методи Митевски - Брицо" – Скопје. Тој е ученик со посебни образовни потреби и од почетокот на своето школување следи редовно образование.

Во претставката се наведува дека и покрај тоа што согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија основното и средното образование се задолжителни и бесплатни, скоро невозможно е да се добие образовен асистент. Кога се работи за ученик со посебни образовни потреби, образовните асистенти се неопходни за следење на наставата и присуство на часовите. Од друга страна, државата е должна да обезбеди непречен образовен процес, согласно потребите на ученикот.
Мајката на ученикот го образложи негативното искуство во обидот за обезбедување на образовен асистен, истакнувајќи дека до сега, за таа цел се има обратено на повеќе надлежни институции. Конкретното училиште спаѓа во групата училишта за кои државата има посебен интерес и истото не е под ингеренции на град Скопје, туку во надлежност на Министерството за образование и наука. Од таа причина, мајката на ученикот повеќепати се има обратено до надлежниот сектор при МОН, но безуспешно. Оттаму добивала одговор дека Законот за средно образование, со кој би се уредила оваа област се' уште не е донесен. Родителот на ученикот наведува дека до донесување на споменатиот закон може да помине уште долг временски период, но тоа не значи дека во тој временски вакум учениците со посебни образовни потреби треба да бидат исклучени од образовниот процес, да не ја следат редовната настава и да седат дома. Дополнително, во претставката се истакнува дека неизвесноста со обезбедување на образовни асистенти трае со години station наназад и создава несигурност за ученикот и родителот.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 01.09.2022 година испрати Известување бр. 08 – 463/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Поради пречки во поштенската достава, Комисијата на 28.10.2022 година повторно достави Известување бр. 08 – 463/3 за произнесување по наводите од претставката, директно во архивата на Министерството за образование и наука.

На 10.11.2022 година до Комисијата стигна поднесок за произнесување по наводите од претставката од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Во поднесокот за произнесување се наведува дека Министерството, во рамки на законските надлежности интензивно работи на изготвување системско решение, односно нов Закон за средно образование. Се наведува дека со него ќе биде дефинирана и регулирана инклузијата на учениците со попреченост во средно

образование, како и соодветната образовна поддршка за секој ученик вклучен во редовниот наставен процес.

Министерството за образование и наука тврди дека овој проблем засега се покрива со Програмата „Општинско – корисна работа", преку која Министерството за образование и наука, Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP), Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување, заедно со локалните заедници и граѓанските организации, ангажираат образовни и лични асистенти. Програмата се однесува на обезбедување индивидуална и соодветна поддршка на учениците со попреченост во воспитно – образовниот процес, преку ангажирање образовни и лични асистенти кои ќе ја реализираат потребната поддршка, со цел стекнување квалитетно образование за секој ученик и реализирање на неговиот целосен потенцијал.
Заклучно, во поднесокот за произнесување се наведува дека во недостаток на законска рамка за обезбедување на образовна асистенција во средното образование, Министерството за образование и наука ја подржува активноста на Програмата „Општинско – корисна работа", која се реализира во рамки на надлежностите на локалната самоуправа.

На 26.12.2022 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 30 од Законот за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за информации со бр. 08 – 463/5 до Општина Битола. Оттаму беа побарани информации за начинот на кој Општина Битола ги обезбедува образовните асистенти за средношколците со посебни образовни потреби.

На 27.12.2022 година пристигна поднесок – одговор на Барањето од Општина Битола со бр. 08 – 463/6. Со поднесокот информираа дека образовните асистенти во средните училишта на подрачјето на Општина Битола се обезбедуваат преку Програмата „Општинско – корисна работа", проект кој се спроведува од страна на УНДП во соработка со МОН и МТСП. На овој начин се анграјжираат образовни асистенти во времетраење од 4 часа на ден, односно 20 часа неделно, за месечен надомест од 9.000,00 денари во бруто износ.

Бројот на образовни асистенти се одредува за потребите во наредната учебна година, на начин што во тековната учебна година се бараат податоци од основните училишта за бројот на ученици кои ќе продолжат во средно образование и на кои им е потребен образовен асистент. Потоа се контактираат родителите, се бара нивна согласност и информација во кое училиште ќе се запише ученикот. Воедно, се бараат информации од средните училишта за бројот на веќезапишаните ученици од втора до четврта година кои имаат потреба од образовен асистент. И покрај тоа што навремено се преземаат овие чекори, истакнуваат дека се соочуваат со предизвици во поглед на тоа што во текот на учебната година може да се јави ученик кој дотогаш не бил евидентиран како ученик кој има потреба од образовен асистент или претходно не користел или пак не сакал да користи образовна асистенција. Се соочуваат и со


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

предизвици при ангажирање на соодветни лица, кои се во можност соодветно да одговорат на работните задачи под дадените услови.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба, Комисијата на 28.12.2022 година испрати Барање за доставување на информации до Министерството за образование и наука со бр. 08 – 463/7. Оттаму беа побарани следниве информации:

- Колку општини опфаќа Програмата „Општинско – корисна работа", преку која се обезбедуваат образовни и лични асистенти на учениците со посебни образовни потреби?
- Дали средните училишта на Град Скопје се вклучени во конкретната програма?
- На кој начин се обезбедени образовните и личните асистенти на учениците со посебни образовни потреби во државните средни училишта кои се основани од Владата на Република Северна Македонија?

Од причина што со тврдењата изнесени во претставката се направи веројатно дека дискриминаторската основа (попреченост) е околноста што довела до понеповолно постапување (необезбедување на образовен асистент), односно до ефектот од постапувањето, за разлика од другите (учениците кои немаат попреченост или посебни образовни потреби), како и каузалната врска помеѓу неповолното постапување и повредатата или штетата (квалитет на образовен процес) Комисијата, согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација го префрли товарот на докажување врз Министерството за образование и наука.

На 13.02.2023 година пристигна поднесок – одговор на Барањето од Министерството за образование и наука. Со истиот известија дека новиот Закон за средно образование е во завршна фаза и повторно напоменаа дека со него системски ќе биде регулирана инклузијата и соодветната образовна поддршка за секој ученик вклучен во наставниот процес во општинските и во државните средни училишта.

Во однос на бараните информации известија дека личната и образовна асистенција се обезбедува на барање на општините за вклучување во Програмата „Општинско – корисна работа", за која во учебната 2022/2023 се пријавиле и се вклучени 51 општина. Согласно Оперативниот план 2022, бројот на вкупно ангажирани лица преку Програмата за циклусот 2022/23 е 500 невработени лица, кои се финансираат на начин 80 % преку програмата и 20 % преку кофинансирање на општините. Дополнително, согласно Оперативниот план 2022 предвидено е до 50 позиции да може целосно да се финансираат од општините.

Во однос на второто прашање, во одговорот наведоа дека согласно евалуацијата и тековниот Договор на Град Скопје му се одобрени 10 образовни асистенти, кои се исплаќаат 80 % од програмата и 20 % преку Град Скопје. Дополнително се одобрени 15 позиции кои Град Скопје целосно ги финансира за ангажирање на образовни/ лични

асистенти, со што вкупниот број на образовни асистенти ангажирани од Град Скопје изнесува 25 лица.

Во однос на третото прашање, од МОН наведоа дека заради тоа што Програмата „Општинско – корисна работа" се реализира во рамки на надлежностите на локалната самоуправа, државните средни училишта чиј основач е Владата на Република Северна Македонија се изземени од конкретната програма. Дополнително, се произнесоа дека до донесување на новиот Закон за средно образование, Министерството за образование и наука нема законска основа за обезбедување образовна асистенција во државните средни училишта и известија дека со новиот Закон ќе биде овозможена образовна асистенција и поддршка во сите средни училишта.
Согласно член 30 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата на 01.03.2023 година испрати Барање за доставување на информации до Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) со бр. 08 – 164/2. За целите на постапката Комисијата ги побара следните информации:

- За колкава времеска рамка е предвиден проектот „Општинско – корисна работа"?;
- Колку општини се опфатени со проектот?;
- Дали Град Скопје како посебна единица на локална самоуправа е корисник на програмата?;
- Колкав број на образовни асистенти се обезбедени во општините кои се опфатени со програмата?;
- Колкав е вкупниот број на ученици со посебни образовни потреби во општините кои се опфатени со програмата?;
- Дали преку програмата се обезбедуваат образовни асистенти за специјалните средни училишта? и
- Дали програмата ги опфаќа и државните средни училишта кои се основани од Владата на Република Северна Македонија?

На 09.03.2023 година пристигна одговор на бараните информации од Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) со бр. 08 – 164/6.

Во однос на временската рамка на Програмата „Општинско – корисна работа" известија:

„Активната мерка за зголемување на вработиливоста, дел од Оперативниот план (ОП) на Владата за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот се реализира секоја годна, почнувајќи од 2012. Тековната мерка 7.1 Општинско - корисна работа (ОКР) од ОП 2022 се реализира од 01 јули 2022 до 30 јуни 2023. Временската рамка на реализација на оваа мерка содржи низа претходни чекори. Ангажманот на невработените лица е 9 месеци и тој се реализира во периодот од септември 2022 до јуни 2023. Невработените лица, видно од приложените Оперативен

план и Оперативни упатства се ангажираа за испорачување на потребни социјално, здравствени и сл. услуги на локално ниво. Во рамките на тие услуги спаѓаат и образовните и лични асистенти кои им се доделуваат на учениците со попречности, вклучени образованиот процес во редовните средните училишта, но оваа мерка од ОП не е посебно дизајнирана за обезбедување на само овој тип услуги."

Огласот со кој се најавува почетокот на мерката е достапен и се доставува до сите општини и Градот Скопје. Во тековниот циклус вклучени се 50 општини, вклучително и Град Скопје.

Во однос на бројот на образовни асистенти во општините кои се опфатени со програмата, наведоа дека во тековниот циклус се вклучени 81 образовни и лични асистенти, во редовните средни училишта од вкупно 17 општини. Додека бројот на ученици со посебни образовни потреби во општините кои се опфатени со програмата, наведоа дека изнесува 81.

Според наведеното, програмата ги опфаќа и државните средни училишта кои се основани од Владата, а со неа не се опфаќаат специјалните средни училишта.

Во прилог на одговорот беа доставени Оперативниот плат за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година и Оперативни упатства за спроведување на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година.

Согласно член 30 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата на 02.03.2023 година испрати Барање за информации со бр. 08 – 164/3 до Организацијата за дијалог и афирмација на средношколците и студентите – ОДАС Скопје. За целите на постапката беа побарани Резолуцијата бр. 5 и Декларацијата донесена на првиот Национален средношколски самит.

Во прилог на одговорот од ОДАС со бр. 08 – 164/4 од 07.03.2023 година беше испратена **Декларацијата на средношколците во Република Северна Македонија**, а како составен дел од Декларацијата и Резолуцијата број 5 од темата „Достапноста на неопходните ресурси за успешно образование на средношколците им овозможува подобри академски резултати, подобро ментално здравје и поголем опсег можности за напредок во државата" која гласи:

*„Обезбедување образовен асистент и правно регулирање на пристапот до образовни асистенти за сите ученици со посебни потреби во средните училишта. Секое дете заслужува образование кое е достапно и инклузивно."*

Заради целосно утврдување на фактичката состојба, согласно надлежностите регулирани во членот 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на

03.03.2023 година членката на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Весна Бендевска и вработената во стручната служба на Комисијата, Анастасија Муратовска, извршија непосреден увид во Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Претставничките од Комисијата остварија средба со [redacted] Кабинетот на министерот за образование и наука, на која дискутираа за потребата од обезбедување на образовни асистенти на учениците од средно образование со посебни образовни потреби. На средбата се дискутираше за Програма „Општинско – корисна работа", преку која на локално ниво се обезбедуваат образовни асистенти за учениците со посебни образовни потреби. При тоа, беше констатирано дека 30 општини не се опфатени со конкретната Програма. Членката на Комисијата Весна Бендевска го извести претставникот на Министерството за образование и наука дека учениците од државните средни училишта кои се основани од Владата на РСМ се надвор од Програма и за нив не се предвидени образовни асистенти.

На состанокот се дискутираше не само за конкретниот случај по поднесена притставка за заштита од дискриминација, туку и за пошироката димензија на проблемот со образовни асистенти со кој се соочуваат учениците со посебни образовни потреби.

Од Министерството за образование и наука беа побарани следниве информации:

- Статистички податоци за ученици од средно образование кои се опфатени со Програмата;
- Како се распоредени образовните асистенти по градови, односно општини?;
- На кој начин се покриени државните средни училишта и училиштата на Град Скопје?;
- Дали со новиот Закон за средно образование ќе бидат обезбедени образовни асистенти за учениците со попреченост од средно образование?;
- Во која фаза е новиот Закон за средно образование?;

По остварениот увид, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација до моментот на носење на Мислењето не е пристигнат одговор на бараните информации.

Од обезбедената документација и информациите добиени при непосредниот увид, Комисијата констатира дека Министерството за образование и наука не го докажа спротивното од тврдењата изнесени во претставката, односно дека **кон подносителот на претставката е сторена дискриминација врз основа на попреченост и возраст (интерсекциски поврзани), во областа на образованието со необезбедување на образовен асистент**. Тоа од причина што:

Неспорна е надлежноста на Министерството за образование и наука за обезбедување на образовен асистент на ученикот со посебни образовни потреби/ попреченост, во овој случај подносител на претставката за заштита од дискриминација, со оглед на

фактот што ученикот е запишан и ја следи наставата во државно средно училиште – Државно училиште за физичка култура „Методи Митевски - Брицо", кое е основано од Владата на Република Северна Македонија.[2] На ученикот не му бил обезбеден образовен асистент ниту преку Програмата „Општинско – корисна работа" и покрај тоа што од наводите на Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) произлезе дека конкретната програма ги опфаќа и државните средни училишта кои се основани од Владата. Со тоа на ученикот му е оневозможено квалитетно средно образование, на еднаква основа со останатите средношколци кои немаат попреченост, средношколците кои имаат попреченост/посебни образовни потреби, а им е обезбедена образовна асистенција, како и во однос на учениците од основно образование на кои им е обезбедена образовна асистенција. Од оваа споредба произлегува дека кон подносителот е сторена интерсекциска дискриминација, врз основа на нераздело поврзани дискриминаторски основи и тоа: попреченост и возраст.

Со пропуштањето на Министерството за образование и наука да му обезбеди образовен асистент на ученикот [redacted] е извршена директна дискриминација кон него. Се работи за продолжена дискриминација како потежок облик, од причина што истата е вршена во континуитет, непрекинато, во долг временски период врз дискриминаторска основа кон конкретното лице. Од овде произлегува дека е исполнета законската дефиниција за **директна продолжена интерсекциска дискриминација** од член 6, член 8 став 1 и член 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

**Дефиниција за дискриминација - член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

**Директна дискриминација - член 8, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

[2] Член 2, став 2 и член 10, став 5 од Закон за средното образование (Службен В. на Р.М. бр. 44/1995 и измени Службен В. на Р.М. бр. 16/1996; 24/1996; 34/1996; 35/1997; 82/1999; 41/2001; 29/2002; 40/2003; 42/2003; 78/2003; 67/2004; 51/2005; 55/2005; 113/2005; 3/2006; 35/2006; 71/2006; 30/2007; 49/2007; 81/2008; 92/2008; 98/2008; 142/2008; 88/2009; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011; 51/2011; 6/2012; 100/2012; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 135/2014; 10/2015; 98/2015; 145/2015; 30/2016; 127/2016; 67/2017; 64/2018; 161/2019; 229/2020;)


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.“*

**Потешки облици на дискриминација – член 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Како потежок облик на дискриминација, во смисла на овој закон, се смета повеќекратна дискриминација, интерсекциска дискриминација, повторена дискриминација и продолжена дискриминација.“*

**Продолжена дискриминација во смисла на овој закон – член 4, став 1, точка 12:**

*"Продолжена дискриминација" е дискриминација што е вршена врз едно лице или група непрекинато, во подолг временски период, врз дискриминаторски основи.“*

**Интерсекциска дискриминација во смисла на овој закон – член 4, став 1, точка 13:**

*"Интерсекциска дискриминација" е секоја дискриминација врз две или повеќе дискриминаторски основи што се истовремено и неразделно поврзани.“*

Во текот на постапката за заштита од дискриминација, анализирајќи го важечкиот Закон за средното образование, Комисијата утврди дека истиот како навидум неутрален пропис продуцира индиректна дискриминација кон средношколците со попреченост/ посебни образовни потреби. Законот не го предвидува концептот на инклузија и на тој начин не предвидел образовна асистенција на средношколците со посебни образовни потреби, ниту поддршка за учениците од средно образование со пореченост. Дотолку повеќе што на овој начин е пропуштено да се изврши соодвено прилагодување на средното образование кон потребите на учениците со посебни образовни потреби кои се запишани во стручно образование, гимназиско образование и средно уметничко образование, бидејќи Законот за овие ученици не предвидел начин и услови за следење на наставата во редовниот образовен процес – инклузија. На овој начин од дискриминацијата која ја продуцира Законот се јавува штетна последица кон засегнатите ученици, а тоа е онезвозможување за стекнување на квалитетно образование на еднаква основа со средношколците кои немаат потреба од дополнителна асистенција или поддршка во образовниот процес.

Во главата „Видови средно образование“ Законот предвидел посебно средно образование за ученици со посебни образовни потреби, за потоа во членот 40 да уреди кој се вклучува во овој тип на образование и да предвиди инклузивен тим и индивидуален образовен план за конкретните ученици:

*„(1) Во средното образование за ученици со посебни образовни потреби се вклучуваат ученици кои се евидентирани и распоредени според видот и степенот на пречките во развојот.*
*(2) За учениците од ставот 1 на овој член во средното училиште се формира инклузивен тим составен од педагогот, односно психологот во училиштето, наставникот на ученикот, родителот, односно старателот на ученикот, дефектолог доколку има во училиштето и по потреба може да се вклучи и лекарот на ученикот.*
*(3) Инклузивниот тим за секој ученик од ставот 1 на овој член изготвува индивидуален образовен план.“*[3]

За разлика од Законот за средното образование, Законот за основното образование предвидел дека основното образование се спроведува врз основа на начелата на еднаквост, достапност, пристапност и инклузивност.[4] **Инклузивното образование го предвидел во членот 11:**

*„(1) Основното образование е институционално, кадровски и содржински организирано на начин кој поддржува инклузија на сите деца во редовното основно образование.*

*(2) Инклузивното образование е процес кој ги зема предвид различните индивидуални потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование.*

*(3) Инклузивното образование од ставот (2) на овој член, вклучува промени и прилагодувања на наставната содржина, пристапот, структурите и стратегиите, за учениците со попреченост, со заедничка визија и убедување дека државата има обврска да обезбеди образование за сите деца.*

*(4) Инклузијата на сите деца во редовното основно образование се дефинира со Концепција за инклузивно образование, која ја донесува министерот на предлог на Бирото и истата се објавува на интернет страниците на Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството) и Бирото.*

*(5) Инфраструктурата, индивудуализираната поддршка, наставниот план и програма во основното образование, се разумно прилагодени според индивидуалните потреби на ученикот.*

*(6) Разумно прилагодување од ставот (5) на овој член, претставува изменување и приспособување на условите за воспитание и образование во одреден случај, што не*

[3] Член 40, став 1, 2 и 3 од Законот за средното образование

[4] Член 4, став 1, точка 2 од Законот за основното образование (Службен В. на Р.М. бр. 161/2019 и Измени Службен В. на Р.М. бр. 229/2020)

*предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување на училиштето, а е со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на учениците со попреченост на еднаква основа со другите.*

*(7) Пристапност до инфраструктурата и услугите подразбира преземање мерки кои осигуруваат дека учениците со попреченост имаат пристап, на еднаква основа со другите, до физичкото опкружување, транспортот, информациите и комуникацијата, вклучувајќи информатички и комуникациски технологии и системи во основното училиште.“*

Во врска со став 4 од овој член, со Решение на министерот за образование и наука бр. 18 – 6577/1 од 06.07.2020 година донесена е **Концепцијата за инклузивно образование**. Иако Законот за средното образование не содржи ваква упатувачка одредба, од содржината на Концепцијата произлегува дека инклузивното образование е цел не само за основното, туку и за средното образование.

Во делот „Улога и одговорности на чинителите во образованието“ од Концепцијата за инклузивно образование е наведено:

*„**Училишта (основни и средни)** – ги препознаваат и вложуваат напори да одговорат на потребите на сите деца и преку принципите на разумно прилагодување креираат стимулативна училишна средина за учество и учење на секој ученик. Активно соработуваат и негуваат партнерски односи со родителите/ старателите и сите релевантни чинители кои се вклучени во поддршката на учениците со посебни образовни потреби. Една од значајните улоги на училиштата е препознавање на способностите на учениците со посебни образовни потреби и нивен развој во самостојни индивидуи, конкурентни на пазарот на трудот. Училиштата водат евиденција и се грижат за сите деца кои не се запишани во училиште и за учениците кои неоправдано не го посетуваат училиштето.*
***Образовните асистенти** – учествуваат во наставата на различни начини, секогаш под супервизија на наставникот, за да се подобри процесот на учење. Тие можат да ја фасилитираат групната работа со учениците, повремено да работат индивидуално со одредени ученици на зајакнување на нивните вештини, да помогнат во менаџирање во училницата (менаџмент на дисциплина, мотивација, емоции и потреби на учениците). Целта на поддршката која ја даваат образовните асистенти е преку соработка со наставниците и со примена на методите на кооперативно учење и поучување да им помогнат на учениците да учествуваат во воспитно – образовниот процес, максимално да ги реализираат своите потенцијали и да стекнуваат самостојност и социјална вклученост во училишната средина.*
***Личните асистенти** – се ангажираат како поддршка на учениците со попреченост, во изведување на секојдневните активности. Целта на поддршката која ја дава личниот асистент е да му овозможи на ученикот со попреченост соодветна индивидуална практична помош при задоволување на основните потреби во секојдневниот живот:*

*движење, одржување на личната хигиена, хранење, облекување и комуникација со другите. Ваквиот вид поддршка овозможува ученикот да стекне поголемо ниво на самостојност и функционалност, како основа за полесно вклучување во воспитно – образовниот процес и активностите во заедницата.“*

Од друга страна „***Министерството за образование и наука*** *– креира инклузивни политики, обезбедува соодветни ресурси во училиштата (човечки, материјални и финансиски) за спроведување на инклузивното образование, ги следи инклузивните практики во секое училиште, расположливите човечки ресурси и расположливите ресурси во заедницата/ општината, со цел дополнителна поддршка на учениците кои имаат потреба од тоа. МОН треба да развива стратегија за премин на децата со попреченост од посебните во редовните училишта и да го поддржува процесот на трансформација на посебните училишта во училишта со ресурсни центри, каде спаѓа и програмата за развој на капацитетите на кадарот кој работи во тие училишта.“*[5]

Понатаму, Законот за основното образование за разлика од Законот за средното образование предвидел **индивидуален образовен план и инклузивни тимови.**[6]

**Видовите на поддршка за ученици со попреченост** Законот ги предвидува во членот 19:

*„(1) За поддршка на учењето за учениците со попреченост, основното училиште обезбедува: образовен асистент, личен асистент, соодветна стручна поддршка од центар за поддршка на учењето, инклузивен тим и асистивна технологија по препорака на стручното тело за проценка и во согласност со индивидуалниот образовен план или модифицираната програма.*
*(2) Јавниот повик за селекција и избор на образовен/личен асистент, селекцијата и изборот на образовен/личен асистент, како и обуката на образовен/личен асистент, ги спроведува училиште со ресурсен центар.*
*(3) Јавниот повик од ставот (2) на овој член, по претходно добиена писмена согласност од Министерството се објавува во најмалку два дневни весника од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.*
*(4) Начинот на побарување на образовен/личен асистент, начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент, како и програмата за обука на образовен/личен асистент ги утврдува министерот, на предлог на Бирото.*
*(5) Селекцијата и изборот на образовен/личен асистент ја врши петчлена комисија од редот на вработените во училиштето со ресурсен центар, која ја формира директорот на училиштето.*

[5] Концепција за инклузивно образование стр. 11 и 13
[6] Член 16 од Законот за основното образование

*(6) Нормативот за образовниот асистент и личниот асистент, описот на компетенциите и работните задачи ги утврдува министерот, на предлог на Бирото.*
*(7) Образовните и личните асистенти се вработуваат на определено време од страна на училиштата со ресурсен центар. Средствата за образовните асистенти и личните асистенти се обезбедуваат од Буџетот на Министерството.*
*(8) Доколку на ниво на општина нема основно училиште со ресурсен центар или со центар за поддршка, поддршка на учењето на учениците со попреченост се обезбедува од најблиското основно училиште со ресурсен центар или од училиште со центар за поддршка од најблиската општина."*

Споредба помеѓу Законот за основното образование и Законот за средното образование, доведува до заклучок дека **Законот за средното образование продуцира дискриминација врз интерсекциски поврзани основи, и тоа: попреченост и возраст.** Со таквата поставеност на Законот се продуцира нееднаков, понеповолен третман кон учениците од средно образование, запишани во редовно образование, кои имаат потреба од асистенција и/или поддршка во образовниот процес во однос на, од една страна учениците од средно образование кои немаат потреба од асистенција и/или поддршка и од друга страна учениците од основно образование кои имаат потреба од асистенција и/или поддршка. На овој начин ним им е оневозможен ист квалитет на образование како на останатите средношколци без попреченост/посебни образовни потреби и учениците од основно образование со попреченост/посебни образовни потреби. Се работи за продолжена дискриминација како потежок облик, од причина што Законот за средното образование ја создава во континуитет, непрекинато, во долг временски период врз дискриминаторски основи кон конкретната група на лица.

Од овде произлегува дека е исполнета законската дефиниција за **продолжена индиректна дискриминација врз интерсекциски поврзани основи**, согласно член 6, член 8, став 2 и член 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

**Дефиниција за дискриминација - член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

**Индиректна дискриминација - член 8, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.“*

**Потешки облици на дискриминација – член 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Како потежок облик на дискриминација, во смисла на овој закон, се смета повеќекратна дискриминација, интерсекциска дискриминација, повторена дискриминација и продолжена дискриминација.“*

**Продолжена дискриминација во смисла на овој закон – член 4, став 1, точка 12:**

*"Продолжена дискриминација" е дискриминација што е вршена врз едно лице или група непрекинато, во подолг временски период, врз дискриминаторски основи.“*

**Интерсекциска дискриминација во смисла на овој закон – член 4, став 1, точка 13:**

*"Интерсекциска дискриминација" е секоја дискриминација врз две или повеќе дискриминаторски основи што се истовремено и неразделно поврзани.“*

Во 2018 година донесена е **Национална стратегија за образованието за 2018 – 2025 година и Акциски план за спроведување на стратегијата.**
Една од целите и визиите на Националната стратегија за образование 2018 – 2025 е обезбедување на инклузивно и интегрирано образование насочено кон ученикот.

Во точка 5.3.1 - Преглед на состојбата и досегашните активности на Националната стратегија за образование е наведено:

*„Политиките на МОН за инклузија на учениците со посебни образовни потреби во редовниот образовен процес предвидуваат:*
*- изготвување индивидуални образовни планови;*
*- формирање инклузивен тим во средните училишта;*
*- екипирање на стручната служба со педагози, психолози и специјални едукатори;*
*- употреба на асистивни технолошки помагала и градење пристапни рампи во училиштата.“*

Во Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија за образование 2018 – 2025, во приритет 2 – Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во средното образование, под точка 2.2 во делот приоритети е предвидено: *„Воспоставување механизам за вклучување на*

*учениците со посебни образовни потреби во редовното средно образование"*, во делот исходи е предвидено: *„Воспоставена е административна и информативна основа за осигурување на инклузивно образование"*, додека во делот индикатор кој објективно се потврдува е предвидено: *„Воспоставена процедура за носење одлуки за вклучување на децата со посебни образовни потреби во редовните средни училишта"* и истото е предвидено да се реализира во периодот на 2020 година. Во делот активности, под точка 2.2.1 е предвидено: *„Воспоставување механизам за вклучување на учениците со посебни образовни потреби во редовното средно образование"*, додека во делот излезни индикатори е предвидено: *„РГ за изготвување на механизмот се формирани; Финансиските средства се определени; Механизмот е изготвен и разгледан е со клучните заинтересирани страни; Нацрт правниот акт за одобрување на механизмот е изготвен; Механизмот за клучување на ученици со посебни образовни потреби во редовното средно образование и упатството за негово воведување официјално се одобрени; Амандманите на подзаконските акти се изработени"*, со предвиден краен рок до 2020 година.

Во 2022 година Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост при Владата на Република Северна Македонија донело **Акциски план за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.** Во делот на активности на Министерството за образование и наука, согласно препораката на Комиетот на ООН: *„Да се обезбеди метод за проценка на попреченоста кој целосно го вклучува пристапот базиран на човекови права"* се предвидени следните активности:

- Имплементација на новиот модел за функционална проценка на деца и млади, базиран на Меѓународната класификација на функционирање;
- Усвојување на новиот Правилник за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка.

Очекувани резултати од предвидените активности:

- Врз основа на функционалната проценка и наодот и мислењето од страна на стручните тела, учениците со попреченост добиваат образовна асистенција во основните училишта;
- Усвоен Правилник за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка.

Согласно препораката на Комиетот на ООН: *„Да донесе план за транзиција за да се обезбеди инклузивно образование на сите нивоа, вклучително и во високообразовните институции за лицата со попреченост"*, предвидени активности се:

- **Континуирано обезбедување на образовни асистенти на учениците со попреченост, согласно МКФ стручните тела;**

- **Да се донесе нов Закон за средно образование во кој ќе се дефинира инклузијата и во средните училишта;**
- Обезбедување бесплатно високо образование за лицата со попреченост.

Очекувани резултати:

- **Задолжителна обука за ново ангажираните образовни асистенти;**
- **Континуирана обука за постојните образовните асистенти, зајакнати капацитетите на избраните стручни лица за испорака на услугата;**
- **Донесен нов Закон за средно образование;**
- Зголемување на бројот на запишани студенти со попреченост на прв, втор и трет циклус на студии, согласно Уредбата за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање, донесена во март 2022 година.

Согласно препораката на Комиетот на ООН: *„Да обезбеди соодветна поддршка, ресурси и квалификувана обука за наставниците и помошниот персонал, за да се поттикне инклузијата, особено на учениците со интелектуална попреченост или учениците со психосоцијална попреченост и девојчиња со попреченост"*, предвидени активности се:

- Континуирани обуки за наставниците за инклузивно образование и работа со ученици со попреченост;
- **Обезбедување лични и образовни асистенти во средното образование;**
- Обуки за инклузивно образование на наставниот, стручниот и раководниот кадар во Регионалните центри за стручно образование и обука како и на Секторот за средно образование и Државниот просветен инспекторат;
- Зајакнување на системот за инклузивно образование преку професионален развој на наставниците во согласност со концепцијата за инклузивно образование.

Очекувани резултати:

- Завршена обука за обучувачи за образовни асистенти со поддршка на УНИЦЕФ за 36 стручни лица од ресурсните центри;
- Зајакнати капацитетите на наставниот кадар во училиштата каде има вклучени ученици со попреченост;
- Зајакнати капацитетите за инклузивно образование на менаџментот на училиштата;
- **Обучени и обезбедени лични и образовни асистенти во средно образование за учебна 2022 -2023 година;**
- Зајакнати капацитетите за инклузивно образование на наставниот, стручниот и раководниот кадар во Регионалните центри за стручно образование и обука како и на Секторот за средно образование и Државниот просветен инспекторат;

- Поставени се основи за развивање на средните/стручни училишта во регионални инклузивни центри на МОН, БРО УНИЦЕФ, УНДП , Светска Банка, ИПА проект , ОЛП 16 извонредност (РИЦИ);
- **Изготвена анализа на системот за инклузивно образование во средното образование.**

Од овде произлегува дека инклузивното образование е предвидено како стратешка цел на национално ниво, а истото се темели на пристапот заснован на човековите права дефиниран со Конвенцијата за правата на детето и Конвецијата за правата на лицата со попреченост на Обедитетите нации. Согласно Уставот на Република Северна Македонија меѓународните договори кои се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон. Оттука, релевантните меѓународни извори предвидуваат:

Република Северна Македонија како потписнична на **Конвенцијата за правата на детето на ООН** се обврзала *„да ги почитува и обезбедува правата на секое дете содржани во Конвенцијата под нејзина јурисдикција, без каква било дискриминација и без оглд на раса, боја на кожа, пол, јазик, вероисповед, политичко и друго уверување, националност, етничко или социјално потекло, имотна состојба, неспособност, раѓање или друг статус на детето или неговиот родител или законски старател. За таа цел да ги преземе сите потребни мерки за да ја обезбеди заштитата на детето од сите форми на дискриминација.“*[7]

Со членот 3 од Конвенцијата е предвидено:

*„Во сите активности кои се однесуваат на децата, од примарно значење се интересите на детето без оглед дали ги спроведуваат јавните или приватните институции за социјална заштита, административните органи или законодавните тела.*

*Државите ченки се обврзуваат на детето да му обезбедат таква заштита и грижа која е неопходна за неговото добро, имајќи ги предвид правата и обврските на неговите родители, законски старатели или другите поединци кои се правно одговорни за детето, и за таа цел ги преземаат сите потребни законодавни и административни мерки.*

*Државите членки се грижат институциите, службите и установите кои се одговорни за грижа или заштита на децата да бидат во согласност со стандардите кои ги утврдиле надлежните органи...“*[8]

[7] Член 2 од Конвенцијата за правата на детето на ООН
[8] Член 3 од Конвенцијата за правата на детето на ООН

Државата се обврзала да ги преземе сите потребни законодавни, административни и други мерки за остварување на правата признати со Конвенцијата. Во врска со економските, социјалните и културните права, државата презема такви мерки максимално користејќи ги сите средства со кои располага и таму каде што е потребно во рамките на меѓународната соработка.[9]

Во членот 23 од Конвенцијата е предвидено:

*„1. Државите членки признаваат дека ментално заостанатото или физички инвалидното дете треба да ужива полн и достоинствен живот, во услови во кои го обезбедуваат неговото достоинство, ја поттикнуваат самостојноста и го олеснуваат активното учество на детето во заедницата.*

*2. Државите членки го признаваат правото на инвалидното дете на посебна нега и ќе ја поттикнуваат и обезбедуваат помошта на детето кое за тоа ги исполнува условите и на оние кои се одговорни за грижата за него, за која е поднесено барање, во зависност од средствата со кои располага, а која одговара на состојбата на детето и условите на родителите или другите лица кои се грижат за детето.*

*3. Уживајќи ги посебните потреби на инвалидното дете, помошта во согласност со точка 2 се дава бесплатно секогаш кога е тоа можно, имајќи ги предвид финансиските средства на родителите или другите лица кои се грижат за детето, и така е осмислена детето да има ефикасен пристап и да добие образование, обука, услуги од здравствена заштита, рехабилитација, подготовка за вработување и можности за рекреација на начин кој придонесува за остварување на што поцелосна општествена интеграција и личен развој на детето, вклучувајќи и културен и духовен развој.“*

Конвенцијата во однос на правото на образование на детето предвидува:

*„1. Државите членки го признаваат правото на детето на образование и, со цел за постепено остварување на тоа право на основа на еднакви можности, посебно:*

*(а) го прогласуваат основното образование задолжително и бесплатно за сите;*
*(б) го поттикнуваат развојот на различни форми средношколско образование, вклучувајќи и општо и стручно образование и давање динансиска помош во случај на потреба;*
*(ц) на сите им овозможуваат стекнување високо образование врз основа на способноста, користејќи и прикладни средства;*
*(д) на сите деца им ставаат на располагање образовни и стручни информации и услуги за професионална ориентација;*

[9] Член 4 од Конвенцијата за правата на детето на ООН

*(е) преземаат мерки за поттикнување на редовно посетување на школото и намалување на отпишувањата од школо.*[10]

*Државите членки се согласни дека образованието на детето треба да биде насочено кон:*

*(а) развој на личноста на детето; развој на надареноста и менталните и физички способности до крајни граници;“*[11]

**Дискриминација врз основа на попреченост** согласно **Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на ООН** подразбира:

*„секаква разлика, исклучување или ограничување врз основа на попреченост, со цел или влијание врз нарушување или ништење на признавањето, уживањето или остварувањето, на еднаква основа со другите, на сите човекови права и основни слободи на политичкото, економското, социјалното, културното, граѓанското или друго поле. Овде се вклучени сите облици на дискриминација, вклучувајќи и ускратување од разумно прилагодување.“*

Согласно Конвенцијата **разумно прилагодување** подразбира:

*„неопходна и соодветна модификација и регулирање, не наметнувајќи непропорционален или несоодветен товар, доколку е потребно во одреден случај, за да им се обезбеди на лицата со попреченост да ги уживаат или остваруваат сите човекови права и основни слободи на еднаква основа со другите.“*[12]

**Во членот 4 – основни обврски** *„државите потписнички се обврзуваат да обезбедат и да промовираат целосно остварување на сите човекови права и основни слободи за сите лица со попреченост без дискриминација од било кој вид врз основа на попреченост. Поради тоа, државите потписнички се обврзуваат:*

*(а) Да донесат соодветни законски, административни и други мерки за спроведување на правата признаени во оваа Конвенција;*
***(б) Да ги преземат сите соодветни мерки, вклучувајќи го и законодавството, да ги изменат или укинат постојните закони, регулативи, обичаи и практики кои ја сочинуваат дискриминацијата на лицата со попреченост;***
*(в) Да ги земат предвид заштитата и унапредувањето на човековите права на лицата со попреченост во сите политики и програми;*

[10] Член 28 став 1 од Конвенцијата за правата на детето на ООН
[11] Член 29 став 1 точки а и б од Конвенцијата за правата на детето на ООН
[12] Член 2 – дефиниции од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост

*(г) Да го избегнат влегувањето на секој акт или практика која е недоследна на оваа Конвенција и да обезбедат дека државните власти и институции делуваат во согласност со оваа Конвенција;*
*(д) Да ги преземат сите соодветни мерки за елиминација на дискриминација врз основа на попреченост од било кое лице, организација или приватно претпријатие...“*

Со членот 5, став 3 од Конвенцијата се предвидува:

*„Со цел да се промовира еднаквост и да се елиминира дискриминацијата, државите потписнички* ***ќе ги преземат сите соодветни чекори за да осигураат дека се обезбедува разумно прилагодување.“***

Во однос на децата со попреченост членот 7 од Конвенцијата предвидува:

*„1. Државите потписнички ќе ги преземат сите неопходни мерки за да обезбедат целосно остварување на сите човекови права и основни слободи на децата со попреченост на еднаква основа со другите деца.*
*2. При преземањето на сите акции во однос на децата со попреченост, како примарна грижа ќе се зема предвид најдобриот интерес на детето.*
*3. Државите потписнички ќе обезбедат дека децата со попреченост имаат право слободно да ги изразуваат своите ставови за сите прашања кои влијаат врз нив, а на кои ќе се посвети должно внимание во согласност со нивната возраст и зрелост, на еднаква основа со другите деца, и да им се обезбеди соодветна поддршка во однос на нивната попреченост и возраст со цел остварување на соодветно право.“*

**Членот 24 од Конвенцијата е посветен на образованието и истиот предвидува обврски за државата:**

*„1. Државите потписнички го признаваат правото на образование на лицата со попреченост. Во однос на остварување на ова право без дискриминација и врз основа на еднакви можности, државите потписнички ќе обезбедат вклучен систем на образование на сите нивоа и доживотно учење насочено кон:*

*(а) Целосен развој на човековиот потенцијал и чувство на достоинство и на смовреднување, и зајакнувањето на почитта за човековите права, основните слободи и човековата различност;*
***(б) Развој на личноста, талентите и креативноста, како и менталните и физичките способности на лицата со попреченост до ниво на целосен потенцијал;***
*(в) Оспособување на лицата со попреченост ефективно да учествуваат во слободното општество.*

*2. При реализирање на ова право, државите потписнички ќе обезбедат дека:*

*(а) Лицата со попреченост не се исклучени од образовниот систем врз основа на попреченост, и дека децата со попреченост не се исклучени од бесплатно и задолжително основно образование, или од средно образование, врз основа на попреченост;*
***(б) Лицата со попреченост имаат пристап до вклучено, квалитетно, бесплатно основно и средно образование, на еднаква основа со другите, во местата каде живеат;***
***(в) Осигурано е разумно прилагодување според барањата на поединецот;***
***(г) Лицата со попреченост ја добиваат потребната поддршка, во рамките на општиот образовен систем, за да го олеснат нивното ефективно образование;***
*(д) Ефективните индивидуализирани мерки за поддршка се обезбедени во средини каде се максимизира академскиот и социјалниот развој, доследен на целта на целосно вклучување.“*

Во контекст на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост неминовно е да се спомене и уставната одредба за образованието од **членот 44 на Уставот на РСМ**:

*„Секој има право на образование. Образованието е достапно на секого* ***под еднакви услови****. Основното образование е задолжително и бесплатно.“*

**Ваквата уставна определба, во конктерниот контекст подразбира дека учениците кои имаат посебни образовни потреби/попреченост ќе добијат образование под еднакви услови и квалитет како другите ученици, единствено ако истото е разумно прилагодено кон нивните потреби.**

Од информациите добиени во текот на постапката произлезе дека во недостаток на регулатива, образовните и личните асистенти на учениците од средно образование се обезбедуваат преку Програмата „Општинско – корисна работа“, проект кој се спроведува од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) во соработка со Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика, заедно со локалните заедници и граѓанските организации.

Ваквата програма не е перманентно и одржливо решение и истата не овозможува еднаков третман, ниту системски го решава проблемот бидејќи повторно остануваат средношколци на кои не им е обезбедена образовна асистенција/поддршка, а евидентна потврда за тоа е подносителот на претставката. Дополнително, обезбедувањето на образовна асистенција/поддршка преку Програмата е во директна зависност од агилноста на локалните самоуправи (дали ќе обезбедат навремено информации за ученици на кои им е потребна; дали навремено ќе се пријават на огласот за користење на Програмата итн.) Истото се потврдува и со фактот дека не сите општини се корисници на Програмата, а со тоа учениците од тие општини се ускратени од образовна асистенција/поддршка. Програмата е временски и финансиски ограничена, со што се продолжува неизвесноста во остварувањето на образовната

асистенција/поддршка за учениците од средно образование кои за тоа имаат потреба и неизвесноста во остварување на квалитетно образование per se. За имлементирање на системот на инклузивно образование и усогласување со меѓународните стандарди, особено имплементирање на препораките на Комитетот на ООН за правата на лицата со попреченост, предуслов е адаптирање на регулативата која го уредува средното образование, со која на системски начин ќе се уреди оваа област.

Врз основа на изнесеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење дека Министерството за образование и наука и министерот за образование и наука Јетон Шаќири извршиле директна, продолжена, интерсекциска дискриминација врз основа на попреченост и возраст (интерсекциски поврзани), во областа на образование кон подносителот [redacted] и индиректна, продолжена, интерсекциска дискриминација врз основа на попреченост и возраст (интерсекциски поврзани), во областа на образование преку Законот за средното образование кон учениците од средно образование со попреченост/посебни образовни потреби.

НАПОМЕНА: Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заради сеопфатноста на постапката, преземените дејствија во текот на постапката и обемноста на обезбедената документација, го пречекори законски утврдениот рок од 60 дена за постапување по претставки.

Согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдена дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија да го отстрани нееднаквиот третман кон [redacted] со тоа што ќе му обезбеди образовен асистент и еднаков квалитет на средно образование како на останатите средношколци кои немаат потреба од образовна поддршка.

**Министерството за образование и наука треба да го исполни препорачаното во рок од 30 дена од денот на прием на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија да создаде законски услови за обезбедување на образовна/лична асистенција на секој ученик од средно обраование со посебни образовни потреби/попреченост, без оглед дали средното образование го следи во средно

општинско училиште, средно училиште на Градот Скопје или државно средно училиште, односно во било кое училиште од редовното средно образование.

За отстанување на нееднаквиот третман кон средношколците со посебни образовни потреби/ попреченост потребно е Министерството за образование и наука да иницира измени и дополнувања на важечкиот Закон за средното образование или да иницира нов предлог закон за средно образование, во кои соодветно ќе биде интегриран принципот на инклузија и ќе се овозможи еднаков квалитет на средно образование за учениците со посебни образовни потреби/ попреченост во редовното средно образование.

**Министерството за образование и наука треба да го исполни препорачаното во рок од 60 дена од денот на прием на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата, со цел во новата учебна 2023/2024 година на секој ученик со посебни образовни потреби/ попреченост да му се обезбеди образовен/личен асистент.**

Доколку Министерството за за образование и наука на Република Северна Македонија не постапи согласно овие препораки, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на надлежностите од член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје,
28.04.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за образование и наука со седиште на ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, 1000 Скопје